Implemented by:

# Нацрт национален профил

## Македонија

**Марија Ристеска**

**2016**

Република Македонија

Населението во Република Македонија е со мешана етничка структура[1]. Бројот на жители на Република Македонија во 2014 година е проценет на 2.06 милиони од кои 50.1% се мажи и 49.9% жени. Територијата на државата е поделена на 80 општини и 8 статистички региони, од кои во Полог најголемиот процент од населението е во руралните населби (69%), додека во Пелагонија бројот на население во рурални населби е најнизок (33.9%). Половиот состав на населението кај руралното население е многу блиску до 50%-50% поради тоа што е земен предвид висок статистички примерок. Согласно некои проценки засновани на пописот од 2002 година, бројот на мажите е малку поголем од бројот на жените во сите региони освен во Скопскиот регион, но и во овој случај разликата не надминува 1%.

Вредноста на Индексот на човеков развој – ИЧР во Република Македонија од 2005 година е зголемена за 7.2 % и за 2014 година таа изнесува 0.747, што ја сместува Македонија на 81 место од 188 земји и територии. Зголемувањето на ИЧР вредноста се должи на: очекуваниот животен век при раѓање (зголемен за 6.8 години), години поминати во образование (зголемено за 1.1 година), очекувани години на школување (зголемено за 2.3 години) и Бруто национален приход - БНП по глава на жител (зголемено за околу 24.7 %). Вредноста на ИЧР на женската популација во 2014 година во Република Македонија изнесува 0.726 за разлика од 0.765 кај мажите, што доведува до родов развоен индекс - РРИ со вредност од 0.949. Според индексот за родова нееднаквост – ИРНЕ земјата се наоѓа на 33-тото од 155 земји во 2014 година. Македонија стои добро во категоријата каде што се мери учеството на жените во политиката (процентот на број на жени во Парламентот изнесува 33.3%), при што истиот е под Европскиот просек и просекот на CIS во категоријата на жени со најмаку средно образование (40.2%) како и учеството на жените во пазарот на трудот (43.1%), но најголемата нееднаквост се јавува во приходот по глава на жител (8,796 US долари за жени и 14,754 US долари за мажи). Стапката на вработување особено во последниве години кај мажите значајно се зголеми, додека стапката на вработување кај жените растеше многу побавно, со што се зголеми разликата помеѓу двата пола. И покрај тоа што жените не се вклучени во пазарот на работна сила, тие вршат најголем дел од неплатената работа (79% од невработеното население што бара работа е вклучено во грижа за семејството како жена) и податоците од истражувањата укажуваат на тоа дека има јасна шема на поделба на работата во домаќинствата (SSO 2012). Базичната студија на Центарот за истражување и креирање политики - ЦИКП за руралните жени исто така укажува на тоа дека одлуките во македонските семејства во најголем дел ги донесуваат мажите.

[1] Податоците од последниот попис кој што беше спроведен во 2002 година, укажуваат на тоа дека населението се состои од 64.2% Македонци, 25.1% Албанци, 3.0% Турци, 2.7% Роми, 1.8% Срби, 0.8% Бошњаци и 0.5% Власи, и 1.0% ‘други (SSO, 2002).

Ваквата родова нееднаквост, исто така, се забележува и во имотно - правните односи, при што машките членови на фамилијата (татко или сопруг) се сопственици на имотот кај 72% од регистрираните имоти во Агенцијата за катастар и недвижности, додека процентот на жени кои што поседуваат имот е 28%. Во руралните области, пак, мажите се речиси целосно сопственици на имотот и Базичната студија на ЦИКП за руралната жена укажува на тоа дека жените поседуваат само 5% од имотите во руралните средини.

## Национална правна рамка

### Права вградени во Уставот

Устав на Република Македонија

Член 9

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. **Сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите**.

Член 30

**Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.** Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Член 31

Странско лице во Република Македонија може да стекне право на сопственост под услови утврдени со закон.

Член 110

Уставниот суд на Република Македонија: […]

- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и **забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол**, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;

**Имот кај жените и права за користење во личните закони**

**Граѓански закон**

**Закон за семејството**

Член 3

Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Член 6

(1) Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

(2) Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање.

Член 8

(1) Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право).
(2) Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики.
(3) Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.
(4) На родителот може да му биде одземено или ограничено вршењето на родителското право под услови предвидени со овој закон.

Член 9

(1) Правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот.

Член 15

(1) Брак можат да склучат две лица од различен пол со слободно изјавена волја пред надлежен орган, на начин определен со закон.

Член 16

(1) Не може да склучи брак лице кое не наполнило 18 години од животот.

*Брачните договори не се регулирани во Законот за семејство во Република Македонија*

**Член 203**

Имотот на брачните другари може да биде посебен и заеднички.

**Член 204**

Имотот кој едниот брачен другар го имал во времето на склучувањето на бракот претставува негов посебен имот. Како посебен имот ќе се сметаат и имотот и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основа на наследство, легат и подарок, како и предметите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот. Секој брачен другар самостојно управува и располага со посебниот имот, доколку брачните другари поинаку не се договорат.

**Член 205**

Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот.

**Член 206**

Правото на сопственост на брачните другари врз недвижности кои се нивен заеднички имот, во смисла на член 205 од овој закон се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот.
Ако во јавните книги како спственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари, ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачни другари.
Ако во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека на тој начин извршиле делба на заедничкиот имот.

Управување и располагање со имотот

**Член 207**

Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.

Со својот дел во заедничкиот имот брачниот другар не може самостојно да располага, ниту да го товари со правно дело меѓу живите.

**Член 208**

Брачните другари можат да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со дел од него да го врши едниот од нив. Договорот може да се однесува на сите работи на управување и располагање или само на редовното управување или на точно определени работи. Кога не е поинаку договорено, управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовното работење. Секој брачен другар може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето очигледно му се нанесува штета на другиот брачен другар.

**Член 209**

Во вршењето на работите кои ги надоместуваат во рамките на редовното управување со имотот потребна е согласност на другиот брачен другар, изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.

**Член 210**

Ако за управувањето со заеднички имот или за одделна работа во врска со управувањето, брачните другари не можат да се спогодат, а ниту еден од нив не бара делба, судот во вонпроцесна постапка може на предлог на еден од брачните другари, да определи потребни мерки кои се однесуваат на управувањето.

**Член 211**

За време на траењето и по престанокот на бракот, брачните другари можат спогодбено да го поделат зедничкиот имот или да побараат од судот тој тоа да го стори. Со делбата на заедничкиот имот меѓу брачните другари настанува режим на посебен имот.

**Член 212**

Ако не дојде до спогодба, делбата на заедничкиот имот, на барање на еден брачните другари ја врши судот во вон-процесна постапка. При утврдувањето на деловите на брачните другари во заедничкиот имот судот тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови. По барање на еден од брачните другари, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже

дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар.

**Член 213**

При делба на заедничкиот имот, на барање на брачниот другар во неговиот дел првенствено ќе се внесат оние предмети од заедничкиот имот кои служат за вршење на неговиот занает, односно дејност. Од заедничкиот имот ќе се издвојат и ќе му се предадат на брачниот другар, покрај неговиот дел и оние предмети стекнати со работа во текот на брачната заедница, кои служат исклучиво за негова лична употреба. Ако вредноста на предметите од ставовите 1 и 2 на овој член е несразмерно голема во однос на вредноста на сиот заеднички имот ќе се изврши делба и на тие предмети, освен ако брачниот другар кој овие предмети би требало да ги добие не ја надомести на другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар, со негова согласност, не му отстапи други предмети.

**Член 214**

На брачниот другар на кого му се доверени заедничките деца на чување и воспитание му се даваат, покрај неговиот дел, и предметите кои им служат на децата или се наменети само за нивна непосредна употреба. При делбата на заедничкиот имот на брачниот другар на кого се доверени заедничките деца на чување и воспитание му се доделуваат и оние предмети за кои е очигледно дека е во интерес да бидат во посед и во сопственост на брачниот другар на кого децата му се доверени.

**Член 215**

Ако при делбата на заедничкиот имот се утврди дека на еден од брачните другари му припаѓа значително помал дел, судот може на барање на еден од брачните другари да определи, тој дел на тој брачен другар, да му се надомести во пари.

*Постоечки недоречености и предизвици*

Одредбата во член 206 што утврдува дека имотот којшто е стекнат заеднички може да се регистрира во јавните книги под името на двата или еден од брачните другари не се користи во пракса. Имено, доколку двата брачни другари финансиски придонесат во купувањето на имотот тие често двајцата се регистрираат како сопственици, но доколку финансиите се обезбедени од еден од брачните другари (согласно LFS и анкетата жените во најголем дел извршуваат работи кои што финансиски не се покриени и не генерираат приходи) договорот за стекнување на имотот се регистрира на името на еден од брачните другари (вообичаено тоа е мажот со платена работа) и потоа имотот се регистрира во јавните книги под негово име. На тој начин регистрирањето на правото на имот стекнато во бракот во заедничка сопственост не се применува најефективно. И покрај тоа што член 206 (став 2) утврдува дека доколку

еден од брачните другари е регистриран како сопственик на заедничкиот имот во јавните книги, ќе се смета дека регистрацијата на имотот е извршена на името на двата брачни другари, тоа во суштина не се случува и плодовите на имотната сопственост ги користи само оној брачен партнер кој што е регистриран како сопственик (доколку имотот е под лизинг, или доколку е ставен под хипотека за да се добие кредит, или доколку бизнисот е започнат и проценет како средство на сопственикот, а не на неговиот брачен другар).

Доколку во член 206 нема можност имотот да биде регистриран на името на еден од брачните другари, тогаш оваа одредба е поттик за заедничка регистрација и затоа треба да се измени.

Исто така член 207 предвидува дека брачните другари управуваат и располагаат со имотот заеднички и спогодбено. Додека во вториот став на овој член е регулирано дека имотот што е стекнат заеднички иако регистриран на името на еден од брачните другари не може да биде заложен независно од страна на еден од сопружниците, овој член не обезбедува заштита за управување на имотот доколку тоа се прави независно. Ова не преставува поттик за родова рамноправност, бидејќи во пракса од жените се бара само мислење доколку мажот сака да го продаде имотот и тие немаат право на глас, доколку имотот се даде како залог или да се даде под закуп, ниту пак имаат лична корист од таквата трансакција на имотот доколку имотот не е регистриран на двете имиња.

**Режим на обичајно право (доколку е применливо)**

Не постои одредба во граѓанското право за забрана на договорен брак или брак склучен со цел обезбедување економска сигурност, како и мерки кои ќе водат кон искоренување на договорени бракови. Припадници на ромската и албанската етничка заедница се уште склучуваат договорени бракови. Во некои случаи нивните бракови се само верски и не се официјално регистрирани во Матичните книги, што исто така доведува до тоа поделбата на имотот стекнат во текот на бракот, да ја следи традицијата според која што жените имаат право само на подароци (обично злато) и лични предмети и по напуштањето на заедницата го оставаат имотот и децата на сопругот.

**Вонбрачни заедници**

Закон за семејство

Член 13

(1) Заедница на живот на маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница.

**Член 218**

Имотот кој вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачна заедница се смета за нивен заеднички имот.

При делбата на тој имот соодветно се применуваат одредбите за делба на заедничкиот имот на брачните другари.

*Постоечки недоречености и предизвици*

Вонбрачните заедници не се регистрирани во Македонија и тоа носи посебни импликации врз правата на сопственост. Иако членот 218 предвидува дека имотот стекнат во заедница се смета за заедничка сопственост регистрирана на името на еден од партнерите и плодовите од правата на сопственост може да се користат од страна на партнерот на чие име имотот е регистриран. Проблемите се јавуваат особено кога заедницата ќе се распадне и имотот треба да се подели. Тогаш започнува постапка во која се потврдува дека вонбрачната заедница постоела во времето кога имотот е стекнат иако истата не е регистрирана. Во оваа смисла за потврдување на родовата еднаквоста е неопходно Законот за семејство да се ревидира за да се овозможи на вонбрачните заедници да бидат регистрирани и членовите 206 до 215 исто така да се применуваат и на регистрираните вонбрачни заедници.

**Државјанство**

**Устав на РМ, член 4**

**Член 4**

Граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија. На државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран или предаден на друга држава. Државјанството на Република Македонија се уредува со закон.

**Закон за државјанство од 1992**

Член 17

Државјанство на Република Македонија престанува со отпуст ако лицето кое поднесло барање за отпуст ги исполнува следниве услови:

1) да наполнило 18 години живот;
2) да нема пречки во поглед на воената обврска;
3) да ги намирило имотно-правните и другите законски обврски спрема државните органи, организациите, претпријатијата и другите правни и физички лица;
4) да ги регулирало имотно-правните и другите законски обврски од брачниот однос и од односот на родители и деца спрема лицата кои живеат во Република Македонија;

5) против него во Република Македонија да не се води кривична постапка поради кривично дело за кое се гони по службена должност или ако е осудено на казна затвор, казната да ја издржало и
6) ако има странско државјанство или да докажало дека ќе биде примено во странско државјанство.

## ЗАКОНИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

## ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Член 3

Граѓаните, под исти услови, се рамноправни во наследувањето.

Член 4

Во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното, а сродството создадено со потполно посвојување со крвното сродство.

Член 12

Врз основа на закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

Овие лица наследуваат според наследните редови.

Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Член 13

**Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар. Тие наследуваат еднакви делови.**

Член 15

Кога има деца на оставителот кои не потекнуваат од бракот со надживеаниот брачен другар, а имотот на овој брачен другар изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови, тогаш на секое дете на оставителот му припаѓа двапати поголем дел отколку на брачниот другар.

Член 16

Оставината на умрениот кој не оставил потомци ја наследуваат неговите родители и неговиот брачен другар.

Родителите на умрениот наследуваат една половина од оставината на еднакви делови, а втората половина ја наследува брачниот другар на умрениот.

Ако по умрениот не останал брачен другар, родителите на умрениот ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Член 17

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследуваат неговите деца (браќата и сестрите на оставителот), неговите внуци и правнуци и неговите натамошни потомци, според правилата што важат за случај кога умрениот го наследуваат неговите деца и другите потомци.

Ако двајцата родители на оставителот умреле пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал на секој од нив да го надживеал оставителот го наследуваат потомците, како што е предвидено во став 1 на овој член.

Во сите случаи браќата и сестрите на оставителот само по таткото го наследуваат на еднакви делови татковиот дел од оставината, браќата и сестрите само по мајката го наследуваат на еднакви делови мајчиниот дел, а родените браќа и сестри го наследуваат на еднакви делови со браќата и сестрите по таткото татковиот дел, а со браќата и сестрите по мајката мајчиниот дел.

Член 26

Правото на наследување меѓу брачните другари престанува со разводот на бракот и со поништувањето на бракот.

Брачниот другар нема право на наследство ако:

1) оставителот поднел тужба за развод на бракот, а по смртта на оставителот се утврди дека тужбата била основана, или пак брачниот другар и оставителот поднеле спогодбен предлог за развод на бракот, а до смртта на оставителот постапката по тој предлог не е завршена;

2) неговиот брак со оставителот биде поништен по смртта на оставителот, од причини за чие постоење надживеаниот брачен другар знаел во времето на склучувањето на бракот и

3) неговата заедница на живот со оставителот трајно престанала по негова вина или во спогодба со оставителот.

Со разводот и со поништувањето на бракот брачниот другар го губи правото да ги бара користите за него, предвидени во тестамент или во некое друго располагање за случај на смрт, направени пред разводот односно поништувањето на бракот од неговиот поранешен брачен другар.

Член 27

Кога брачниот другар кој нема нужни средства за живот е повикан на наследство со наследниците од вториот наследен ред, судот може, по барање од брачниот другар, да одлучи брачниот другар да наследи и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследат другите наследници, а може да одлучи и брачниот другар да ја наследи целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба брачниот другар би западнал во скудност.

Член 30

Нужни наследници се: децата на оставителот, неговите посвоеници и неговиот брачен другар.

Потомците на децата на оставителот и на неговиот посвоеник се нужни наследници само ако во моментот на смртта на оставителот живееле во заедница со него или ако тој ги издржувал или ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот.

Родителите на оставителот и неговите браќа и сестри се нужни наследници само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот.

Лицата наведени во овој член се нужни наследници кога според законскиот ред на наследување се повикани на наследство.

Член 31

Нужните наследници имаат право на дел од оставината кој се вика нужен дел и кој им припаѓа во случај кога оставителот располагал со оставината.

Нужниот дел на потомците, посвоениците и нивните потомци и на брачниот другар изнесува една половина, а нужниот дел на другите наследници една третина од оној дел што на секој наследник би му припаднал според законскиот ред на наследувањето без оглед на тоа што некој од нужните наследници не бара дел од оставината, или пак е исклучен од наследство или е недостоен да наследи. Притоа, не се применуваат одредбите од овој закон за зголемување, односно намалување на наследниот дел на брачниот другар, односно на родителите.

Член 96

Завештателот може со тестаментот да определи еден или повеќе наследници.

Наследник врз основа на тестаментот е лице кое го определил завештателот да го наследи целиот негов имот или дел од имотот.

Како наследник ќе се смета и лице на кое со тестаментот му се оставени еден или повеќе определени предмети или права, ако се утврди дека волјата на завештателот била тоа лице да му биде наследник.

Член 97

Завештателот може со тестаментот да определи лице на кое ќе му припадне наследството ако определениот наследник умре пред него, или ако се откаже од наследството, или ако биде недостоен да наследи.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и на легатите.

Завештателот не може да му определи наследник на својот наследник ниту на легаторот.

Член 128

Наследникот може да се откаже од наследство со изјава на судот до завршувањето на расправата на оставината.

Ова откажување важи и за потомците на оној којшто се откажал, ако не изјавил изрично дека се откажува само од свое име.

Ако потомците се малолетни, за ова откажување е потребно одобрение од органот за старателство.

Наследникот кој се откажал само во свое име се смета како да не бил никогаш наследник.

Ако се откажат од наследството сите наследници коишто му припаѓаат на најблискиот наследен род во моментот на смртта на оставителот, на наследство се повикуваат наследниците од следниот наследен ред.

Ако се откажат од наследство потомците на оставителот и неговите посвоеници и нивните потомци, брачниот другар на оставителот се повикува на наследство како единствен наследник од првиот наследен ред.

Член 130

Не може да се откаже од наследство наследник кој располагал со целата или со еден дел од оставината.

Мерките што ќе ги преземе еден наследник само заради зачувување на оставината, како и мерките на редовното управување, не го лишуваат од правото да се откаже од наследството.

Член 131

Откажувањето од наследство не може да биде делумно ниту со услов.

Откажувањето во корист на определен наследник не се смета како откажување од наследство, туку како изјава за отстапување на својот наследен дел. Ова откажување важи доколку наследникот во чија корист е тоа сторено го прифати тој дел од наследството.

Член 133

Изјавата за откажување од наследство или за примање на наследство не може да се отповика.

Наследникот што ја дал изјавата може да бара да се поништи изјавата ако е таа предизвикана со присилба, со закана или е дадена поради измама или заблуда.

Правото да се бара поништување на изјавата престанува со истекот на рокот од една година од узнавањето за причината поради која може да се бара поништување на изјавата, односно од престанувањето на понудата.

Тоа право во секој случај престанува со истекот на рокот од три години од правосилноста на решението за наследување.

Ако по давањето на изјавата за откажување од наследство се пронајде имот за кој во времето на давањето на изјавата не се знаело дека и припаѓа на оставината, наследникот што ја дал изјавата може да побара да му се признае право на наследство на делот што по законот му припаѓа на новопронајдениот имот, во рок од една година откога од страна на судот е известен за новопронајдениот имот.

Новопронајдениот имот ќе се расправи според прописите што биле во важност во времето кога е побарано од судот да ја расправи оставината и по однос на тој имот.

**ЗАКОН ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА**

Заедничка сопственост и наследство

Член 82

Наследниците што не се откажале од наследството, до правосилноста на решението за наследување, се заедничари.

Член 83

Наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследениот имот. Наследникот кој се откажал од наследството не одговара за долговите на оставителот. Кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот и тоа секој до висината на вредноста на својот дел од наследениот имот, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството. Меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил, ако со тестаментот поинаку не е определено.

Член 92

Во семејна заедница* секој член, освен брачните другари и вонбрачните другари, стекнува право на сопственост на стварите за себе (посебен имот), освен ако поинаку не се договорат или ако тоа не произлегува од околностите на случајот.

*кога повеќе генерации живеат заедно

Член 93

Кога е договорено правото на сопственост на стварите во семејната заедница да се стекнува за повеќе членови или кога тоа произлегува од околностите, големината на делот на секој член се утврдува согласно со договорот.
Ако за тоа нема посебен договор, големината на делот на секој член се утврдува врз основа на придонесот на членовите кои учествувале во стекнувањето на правото на сопственост, зависно од вложениот труд, заработувачката, водењето на домашните работи, грижата за одржување на имотот и секоја друга форма на работа и соработка во неговото управување, одржување и зголемување.

Член 94

Во семејната заедница, по правило, не може да стекнува имот дете кое не навршило 15 години од животот.

*Постоечки недоречености и предизвици*

Традицијата во Македонија е таква да кога жените се мажат тие го напуштаат домот на своите родители, додека машките деца остануваат да живеат во домот на своите родители. Законот за наследство покрај промовирањето на родова еднаквост и наследство во исто време нуди и поттик за оние браќа или сестри кои живеат целосно или делумно да станат наследници на имотот (член 130, став 1), додека останатите кои што не живеат на имотот да имаат право да одбијат наследство (член 128). Ова во пракса доведе до впечаток да оние машки деца коишто остануваат да живеат со родителите имаат право на наследство на имотот на родителите, додека женските деца коишто се мажат и живеат вон домот на своите родители се очекува да го одбијат делот од наследството. Во исто време, став 1 од член 130 е збунувачки бидејќи утврдува дека правото на еднаков режим што се промовира со законот бидејќи се чини дека наследниците што се откажуваат од дел од имотот или од целиот имот немаат право да се откажат од наследството на тој имот.

Закон за земјоделско земјиште

**ЗАКОН ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА**

Член 2

Право на сопственост можат да го стекнуваат сите домашни и странски физички и правни лица, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа, под услови и на начин предвидени со овој и друг закон.

Член 4

На ствар на која постои право на сопственост можат да се засноваат ограничени стварни права, како што се правото на службеност, правото на на залог, правото на реален товар и други стварни права (во натамошниот текст: други стварни права), под услови определени со закон

Член 5

Правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите.

Член 6

Се гарантира правната заштита на сопственоста.

Член 7

Стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост и на другите стварни права се уредуваат со закон.

Член 8

Сопственикот има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и да располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице. Секој е должен да се воздржува од повреди на правото на сопственост на друго лице.
Општи ограничувања на правото на сопственост

Член 9

Сопственикот го остварува своето право на сопственост во согласност со природата и намената на стварта, како и со општиот интерес утврден со закон. Забрането е вршење на правото на сопственост спротивно на целта заради која е со закон признато и установено, или спротивно на моралот на општеството. Правото на сопственост не смее да се врши со цел на друг да му се причини штета или тој да се спречи во остварувањето на неговото право.

Член 10

Правото на сопственост може да се ограничи или да се одземе кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Член 30

Кога една проста или сложена ствар е предмет на правото на сопственост на повеќе лица, ова право се јавува како сосопственост, заедничка сопственост или етажна сопственост.

Член 31

Сосопственост е сопственост на повеќе лица кои имаат право на сопственост на неподелена ствар на која делот на секој од нив е определен сразмерно според целината (идеален, сосопственички дел).
Кога предмет на правото на сосопственост се плодоносни ствари, плодовите и другите приходи од нив се распоредуваат меѓу сосопствениците сразмерно на големината на нивните делови, доколку поинаку не е договорено.
Ако сосопственичките делови на неподелената ствар не се определени се претпоставува дека сосопствениците имаат еднакви делови.
Сосопственост може да се заснова и на ствар која се наоѓа во различни облици на сопственост (мешана сопственост).

Член 32

Сосопственикот има право стварта да ја држи и да ја користи заедно со другите сосопственици сразмерно со својот дел, неповредувајќи ги притоа правата на другите сосопственици.
Сите сосопственици имаат владение врз целата ствар, но тие можат да одлучат меѓусебно да го поделат владенитето врз стварта и извршувањето на сите или на некои сопственички овластувања врз неа.
Сосопственикот може да располага со својот дел без согласност на другите сосопственици. Во случај на продажба на сосопственички дел другите сосопственици имаат право на првенствено купување.

Член 35

Секој сосопственик заедно со другите сосопственици има право да учествува во одлучувањето за с# она што се однесува на стварта која е во сопственост (право на управување). Кога некој сосопственик презема дејствија врз сосопственичката ствар без согласност потребна од другите сосопственици, се применуваат правилата за работоводство без налог.

Член 36

За преземање работи за редовно управување со стварта е потребна согласност од сосопствениците чиишто делови претставуваат повеќе од половината на вредноста на стварта. Ако во случаите од став 1 на овој член не се постигне согласност, а преземањето на работата е неопходно за редовно одржување на стварта, за тоа одлучува судот. Секој сосопственик против чија волја мнозинството сосопственици одлучило да преземе некоја редовна правна работа или пак тоа го направил судот, има право да бара обезбедување за идна штета. Мнозинството сосопственици е обврзано да го даде обезбедувањето по правило со давање залог, а со лична гаранција, само ако судот оцени дека давањето на залог е преголем товар за него. Судот одлучува за преземање одредена правна работа во вонпарнична постапка доколку не е спорно кои се сосопствениците и колкав е нивниот сосопственички дел.

Член 37

За преземање на работи што ги надминуваат рамките на редовното управување со стварта (отуѓување на целата ствар, промена на намената на стварта, издавање на стварта во закуп, засновање залог, засновање стварни службености, поголеми поправки и преправки и слично) потребна е согласност од сите сосопственици. Во случај да не се постигне согласност, соодветно се применува одредбата од член 36 став 2 од овој закон. Судот може и да ја раскине сосопственичката заедница доколку постои несогласност меѓу сосопствениците за работи од вонредното управување.

Член 59

Заедничка сопственост е сопственост на повеќе лица на неподелена ствар кога нивните делови се определиви, но не се однапред определени.
**Заедничката сопственост постои во случај на стекнување имот во брачна заедница, во вонбрачна заедница, во случај на здобивање имот во наследничка заедница, во семејна заедница и во други случаи определени со закон.**
Кога ствaрта е во заедничка сопственост на тоа нема влијание фактот што во јавната книга таа е запишана како сопственост само на некој од нив, но тоа не ги засега правата на трети лица кои тоа не го знаеле и не биле должни да го знаат.

Член 60

Заедничарот може својот дел во заедничката сопственост да го пренесе само на друг заедничар на истата ствар, а не може полноважно да го пренесе на трето лице надвор од заедничарите. Делот што заедничарот го има во заедничката сопственост на ствaрта преминува на неговите наследници. За долговите заедничарот одговара и со својот дел во заедничката сопственост на ствaрта.

Член 61

Заедничарот ги врши овластувањата во поглед на заедничката ствар само заедно со другите заедничари, ако со договор меѓу нив или со овој или друг закон поинаку не е определено. Плодовите и другите користи од заедничката ствар им припаѓаат на сите заедничари еднакво, доколку меѓу себе поинаку не се договориле. Трошоците и товарите што се однесуваат на заедничката ствар заедничарите ги поднесуваат рамноправно и солидарно. Секој заедничар има право да бара во јавната книга да се запише правото на сопственост на ствaрта во корист на сите заедничари како нивна заедничка сопственост.

Член 62

Секој заедничар има право да учествува во решавањето на сите прашања што се однесуваат на ствaрта, која е во заедничка сопственост (управување со заедничката ствар) заедно со другите заедничари. Заедничарите можат управувањето да го доверат на управител

Член 66

Имотот на брачните другари може да биде заеднички и посебен.

Член 67

Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот.

Член 68

Имотот кој едниот брачен другар го имал во времето на склучувањето на бракот претставува негов посебен имот. Како посебен имот ќе се сметаат и имотот и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основа на наследство, легат и подарок, како и стварите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не преставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.
Секој брачен другар самостојно управува и располага со посебниот имот, доколку брачните другари во писмена форма поинаку не се договорат.

Член 69

Правото на сопственост на брачните другари врз недвижности кои се нивен заеднички имот во смисла на член 67 од овој закон се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот.
Ако во јавните книги како сопственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачни другари.
Ако во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека на тој начин ги утврдиле деловите во заедничкиот имот

Член 70

Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.
Со својот дел во заедничкиот имот пред тој да се определи брачниот другар не може самостојно да располага ниту да го товари со правно дело меѓу живите.
При продажба на определен дел од заедничкиот имот кој му припаѓа на едниот брачен другар се применуваат правилата за првенствено купување на сосопствениците.

Член 71

Брачните другари во писмена форма можат да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со дел од него да го врши едниот од нив.
Договорот може да се однесува на сите работи на управување и располагање или само на редовното управување или на точно определени работи.
Кога не е поинаку договорено, управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовното работење.
Секој брачен другар може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето очигледно му се нанесува штета на другиот брачен другар.

Член 72

Во вршењето на работите кои ги надминуваат рамките на редовното управување, односно располагање со имотот, потребна е согласност на другиот брачен другар изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.
Член 73

Ако за управувањето со заеднички имот или за одделна работа во врска со управувањето, брачните другари не можат да се спогодат, а ниту еден од нив не бара утврдување на деловите на заедничката сопственост, судот во вонпарнична постапка може по предлог на еден од брачните другари да определи потребни мерки кои се однесуваат на управувањето.

Член 74

За време на траењето и по престанокот на бракот брачните другари можат спогодбено да го поделат заедничкиот имот.
Со делба на заедничкиот имот на брачните другари настанува режим на посебен имот.

Член 75

Ако не дојде до спогодба, делбата на заедничкиот имот, на барање на еден од брачните другари, судот ја врши во вонпарнична постапка.
При утврдувањето на деловите на брачните другари во заедничкиот имот, судот тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови.
По барање на еден од брачните другари, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар.

Член 76

При делбата на заедничкиот имот, по барање на брачниот другар, во неговиот дел првенствено ќе се внесат оние ствари од заедничкиот имот кои служат за вршење на неговата дејност.
Од задничкиот имот ќе се издвојат и ќе му се предадат на брачниот другар, покрај неговиот дел и оние ствари стекнати со работа во текот на брачната заедница кои служат исклучиво за негова лична употреба.
Ако вредноста на стварите од ставовите 1 и 2 на овој член е несразмерно голема во однос на вредноста на сиот заеднички имот, ќе се изврши делба и на тие ствари, освен ако брачниот другар кој овие ствари би требало да ги добие, не ја надомести на

другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар со негова согласност, не му отстапи други ствари.

Член 77

На брачниот другар кому му се доверени заедничките деца на чување и воспитување, му се доделуваат во сопственост, покрај неговиот дел и стварите кои им служат на децата или се наменети само за нивна непосредна употреба.
При делбата на заедничкиот имот на брачниот другар кому се доверени заедничките деца на чување и воспитување му се доделуваат и оние предмети за кои е очигледно дека е во интерес да бидат во имот и во сопственост на брачниот другар кому децата му се доверени.

Член 78

Ако при делбата на заедничкот имот се утврди дека на еден од брачните другари му припаѓа значително помал дел судот може на барање на еден од брачните другари да определи тој дел да му се надомести во пари.

Член 79

За обврските што еден брачен другар ги имал пред склучувањето на бракот, како и за личните обврски што ќе ги прими по склучувањето на бракот, не одговара другиот брачен другар.
Брачните другари одговараат солидарно за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби на брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат двата брачни другари.
Брачниот другар кој од својот посебен имот ја исполнил солидарната обврска има право да бара другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него.

Член 80

Подароците што брачните другари си ги дале еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат.

Стекнување имот во вонбрачна заедница

Член 81

Имотот кој вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачна заедница се смета за нивен заеднички имот.

Во поглед на управувањето и располагање утврдувањето на деловите на имотот стекнат во вонбрачната заедница и при делбата на имотот во вонбрачната заедница соодветно се применуваат одредбите на овој закон за заедничкиот имот на брачните другари.

Во Законот за консолидирање на земјоделско земјиште донесен во 2013 година предвидени се три типа на консолидирање: i) индивидуално консолидирање преку вообичаени пазарни трансакции на земјиштето (не е регулирано во Законот за консолидација на земјоделско земјиште); ii) доброволно консолидирање на земјиштето; и iii) комплексно консолидирање на земјиштето. Во третиот тип се применува обврзувачки пристап и проектите можат да се одобрат само доколку 70 % од сопствениците на земјиштето што поседуваат најмалку 50 % од областа на проектот, се сложат да учествуваат.

Закон за земјоделско земјиште

Член 5

Земјоделско земјиште, во смисла на овој закон, се нива, градина, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, мочуришта, трстици, рибници, како и друго земјиште кое се користи или не се користи (необработливо земјиште), а кое со примена на агротехнички и агромелиоративни и хидромелиоративни мерки може да се оспособи за земјоделско производство.
Катастарска култура е земјоделско земјиште со посебен начин и можност за негово користење, а ќе се утврдува според евиденцијата што се води во Агенцијата за катастар на недвижности, се додека не се докаже спротивното.

Член 6

Користење на градежно неизградено земјиште Градежното неизградено земјиште до неговото приведување кон целта, може да се користи за земјоделски цели.
Градежното изградено земјиште на кое се подигнати оранжерии може да се користи за земјоделски цели.
На земјиштето од ставот 1 на овој член не смеат да се садат долгогодишни насади или да се вршат други вложувања со кои би се попречила предвидената намена.
За насадите или другите вложувања од ставот 3 на овој член на сопственикот, закупецот или на друг корисник на земјиштето не му припаѓа право на надоместок.

Член 7

Сопственост на земјоделско земјиште Земјоделското земјиште може да биде во државна и приватна сопственост.

Правото на сопственост врз земјоделското земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.

Член 17

Промет и користење на земјоделско земјиште во државна сопственост Земјоделското земјиште во државна сопственост може да биде предмет на продажба под услови и на начин утврдени со закон. Земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање.
Во име на Република Македонија земјоделското земјиште во државна сопственост на користење го дава Министерството, на начин и под услови предвидени со овој закон.
Земјоделското земјиште дадено на користење, согласно со ставот 2 од овој член не смее да се даде во подзакуп и плодоуживање.

Член 18
Закуп

Земјоделското земјиште во државна сопственост може да се дава во закуп по пат на јавен оглас со прибирање на понуди и со непосредна спогодба во случаите од членот 38 на овој закон.

**Закони**

***Постоечки недоречености и предизвици***

И покрај тоа што во член 67 се утврдува дека имотот што брачните другари ќе го стекнат за време на бракот станува заедничка сопственост, и член 69 понатаму утврдува дека правото на сопственост на брачните другари на недвижниот имот кој што е заедничка сопственост се регистрира во катастарот на името на двата брачни другари како заедничка сопственост, во пракса имотот се регистрира на името кое што е назначено во нотарскиот акт (договор за купопродажба што го верификува нотарот). И бидејќи Законот дава можност да се регистрира имотот стекнат во бракот на документите за купопродажба издадени на име на еден од брачните другари, регистрацијата во Катастарот се врши на име на лицето кое што фигурира во документот за купопродажба, заверен од нотар.
И покрај тоа што во член 69 став 2 е утврдено дека Катастарот што го регистрира сопственикот на заедничката сопственост го прави тоа само за еден од брачните другари, се смета дека регистрацијата е извршена во име на двата брачни другари; во пракса брачниот другар кој не фигурира како сопственик во имотот и во Катастарот не може да ги користи плодовите на заедничката сопственост (нема право на приход доколку имотот се даде на лизинг, не може да го користи имотот како нејзина хипотека, не може да започне бизнис користејќи го имотот како средство). Затоа Законот треба да се измени со цел јасно да се уреди обврската во документите за купопродажба на имотот стекнат во бракот јасно да се наведе зедничката сопственост на двата брачни другари што ќе им овозможи регистрирање на сопственоста како заедничка сопственост во јавните книги/Катастарот.

**Политики / институционални механизми што доведуваат до спречување на правата на жените за користење на земјиште**

**Надлежни министерства (правда, род, држава, итн)**

### Министерство за правда

Министерството за правда на Република Македонија има надлежност врз пристапот на информации, слободна правна помош и нотарски документи. Тоа значи дека Министерството развива политики за регулирање што креираат соодветна правна рамка за заштита на правата на жените за сопственост на имот. Сите измени на законите со цел да се одобри сопственост на жените треба да бидат одобрени од Министерството.

### Министерство за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика е одговорна владина институција за развој на еднаквите можности и политиките на родова еднаквост во државата. Министерството доставува извештаи за напредок за имплементација на CEDAW и поседува овластување за креирање на политики против дискриминација и правна рамка. Министерството за труд и социјална политика е лидер во промовирањето и спроведувањето на методологијата на родово одговорно буџетирање во Владата на Македонија.

### Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија е одговорна владина институција за развивање на земјоделски политики за користење на земјиштето. Ова Министерство одржува регистар за сите земјоделски површини во Македонија и е одговорно за развој и спроведување на политиките на рурален развој. Во таа смисла, родовиот пристап се применува доколку развојните документи потикнуваат имплементација на рурална развојна политика. Во координација со Министерството за труд, Министерството за земјоделство и водостопанство беше промовирано како еден од пилот министерствата во Македонија што применува методологија на родово еднакво буџетирање и развојна политика и планирање на буџетот.

**Политики што се однесуваат на земјиште/земјоделство/родова еднаквост вклучително и нацрт политики**

Ова претставува основа за рамката за родова еднаквост којашто беше конкретно развиена со другите документи:

(i) **Национална стратегија за еднаквост и недискриминација**, е документ што има за цел да се подобри статусот на најголемиот број ранливи групи во македонското општество, овозможувајќи постојан развој во достигнувањето на еднаквост и недискриминација. Таа ги вклучува целите и активностите што треба да се постигнат

на среден и долг рок и нуди рамка за прифаќање на едногодишен акционен план којшто ја регулира рамката, очекуваните резултати, и квалитативните и квантитативните индикатори за мерење на успехот во спроведувањето.

(ii) **Национална стратегија за родова еднаквост 2013-2020** е натамошен стратешки документ на државата којшто беше донесен со цел да се поттикне еднакви можности и за мажите и за жените во периодот од 2013-2020 година. Стратегија се надгради на Националниот акционен план за родова еднаквост 2007-2012 и во тој аспект нуди рамка за континуирани напори во државата за постигнување на родова еднаквост. Со овој документ се подигнува важноста за родовата еднаквост и се нуди меѓусекторска и хоризонтална перспектива за постигнување на универзални, социјални и политички приоритети.

(iii) **Закон за еднакви можности на мажите и жените** (во понатамошниот текст: ЗЕМ) беше за прв пат донесен во 2006 година и ги регулираше основата и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности помеѓу мажите и жените во државата. ЗЕМ беше изменет во 2012 година, при што се прошири списокот на состојби каде што може да настане дискриминација, се регулираше основата за дискриминација и се воведоа концепциски реформи како што беше родовото одговорно буџетирање. Тој исто така, ги дефинира посебните обврски за институциите од централната и локалната власт од аспект на родово одговорно буџетирање (член 11 и член 14) и бара воспоставување на консултативна советничка меѓусекторска работна група за родова еднаквост во која што ќе се воспостави специфична под-група за GRB.

**Законот за еднакви можности на мажите и жените** од тој аспект го доближува македонското законодавство до она на ЕУ и ја регулира институционалната мрежа и нејзините компетентности утврдени преку (i) Одделението за еднакви можности (во понатамошниот текст: ОЕМ) коешто е воспоставено во рамките на Министерството за труд и социјална политика во март 2007 година; Родови фокусни точки (РФТ) беа воспоставени во надлежните министерства и тие, исто така, беа назначени како Координатори за еднакви можности во рамките на министерствата; Парламентарна комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените со задача да се набљудува правната регулатива којашто е предложена од Владата од аспект на родовата еднаквост и спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост; Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените (ЕМЖ) во рамките на единиците на локална самоуправа којашто развива и донесува локални акциони планови за родова еднаквост; Координатори за еднакви можности помеѓу мажите и жените во рамките на единиците на локална самоуправа коишто ја координираат работата на ЕМЖ и исто така, поднесуваат извештаи до Министерството за труд и социјална политика за специфичните родови активности што се спроведуваат на општинско ниво.

Во **Стратегијата за земјоделство и рурален развој 2007-2013** родовиот пристап се применува само кога се врши анализа на историјатот во која разликите помеѓу мажите и жените се акцентираат само од аспект на демографските податоци и статусот на вработување. Сепак ова не се рефлектира на целите (генерални и

специфични), ниту на инструментите и мерките што се спроведуваат и што се предлагаат за да се постигне стратешката цел. Во врска со тоа Стратегијата не ги покрива потребите на руралните жени. Останатите документи и политики во Националната програма за земјоделство и рурален развој 2013-2017, Годишната програма за земјоделство и рурален развој 2013 и Годишната програма за спроведување на инструментите за фондовите за пред-пристапување за рурален развој 2013 се родово неутрални во обете анализи на ситуациите односно во дефиницијата на целите (генерални и специфични) и од аспект на мерките што тие ги дефинираат. Сепак, некои од мерките дефинирани во Годишната програма за земјоделство и рурален развој 2013 одговараат на барањата на руралните жени како што се: (i) Инвестиции за модернизација на земјоделската технологија и пазарна ефикасност; (ii) развој на јавна инфраструктура во руралните области; (iii) обновување и развој на селата; (iv) обуки и информирање на земјоделските производители. Исто така, некои од мерките од Годишната програма за реализација на ИПАРД (IPARD) фондовите од 2013 год., исто така, се значајни за потребите на руралните жени, како што е мерката 302 во приоритетната оска 3 – развој на рурална економија: диверсификација и развој на рурални економски активности.

**Законот за спречување и заштита од дискриминација** којшто беше донесен во 2010 година и изменет во 2014 година, по долга дебата помеѓу владините претставници и претставниците на невладиниот сектор во отворен консултативен процес, сепак беше „замаскиран“ во легислативната процедура при што текстот на Законот значајно беше изменет и тоа беше првиот напор на државата за систематски да се справи со проблемите на дискриминација што се широко распространети. Релативно кусиот Закон против дискриминација, структуриран во осум поглавја и 46 членови остави многу нерешени законодавни и институционални прашања, отвори можност за шпекулации, создаде огромен товар врз Комисијата којшто го воспостави и неовозможи соодветна заштита на жртвите на дискриминација. Пред да се помине на подлабока анализа на Законот важно е да се напомене дека Законот со сите свои слабости и недоречености сепак е чекор напред во воспоставувањето на рамка за правна заштита од дискриминација. Оваа заштита е релативно слаба и е пониска отколку што тоа го налагаат ЕУ стандардите за заштита на човекови права и истата треба да се подобри. Во врска со тоа, во ова поглавје од извештајот ќе дадеме заклучоци и препораки за идно подобрување и зајакнување на правната рамка за борба против дискриминација.

**Национална стратегија за консолидирање на земјоделското земјиште за периодот од 2012-2020 година**

Од аспект на Национална стратегија за консолидирање на земјоделското земјиште за периодот од 2012-2020, родовиот аспект недостасува во делот за анализи, бидејќи тука фокусот е повеќе на поделба на земјиштето помеѓу физичките и правните лица, односно на неговата големина. Притоа индиректно, може да се забележат неколку индикатори, како што е големината на земјоделското земјиште по региони, стапката за невработеност и образованието на населението. Во таа смисла има разлики помеѓу

образованието на населението во урбаните и во руралните средини. Натамошен аспект којшто може да биде земен предвид од родова перспектива е локалната инфраструктура во некои рурални региони. Таа значајно се разликува од урбаната и ја оневозможува младата популација во трошење и во инвестиции во земјоделскиот сектор. Други стратешки документи на кои се однесува Стратегијата се однесуваат на регулирањето на големината на земјоделското земјиште од 1990 година, Програмата за вработување на Владата на РМ и Законот за земјоделско земјиште. И покрај тоа што не е специфично наведено, на прашањето на родовата еднаквост, сепак неа можеме да се навратиме во овие закони. СВОТ (SWOT) анализата исто така, укажа на потребата да се работи на „правата за сопственост и да се решава прашањето на миграција на младите претприемачи од руралните средини. Конечно, стратешката цел на овој документ ги нагласува демографските разлики на руралната популација.

Документите за политиките на родова еднаквост не се занимаваат детално со правата на жените на сопственост, предизвиците што ќе ги спречат воведувањето на имотните права на жените или посебно ќе ги регулираат институционалните или политичките механизми за поттикнување на правата жените на сопственост на имот. Од друга страна, документите за развој на земјиштето, рурален развој, земјоделски политики не применуваат родови перспективи во анализата на состојбите ниту кај специфичните политички мерки ниту кај институционалните механизми што тие ги регулираат.

## Меѓународни договори и конвенции

**CEDAW: Конвенција за спречување на сите форми на дискриминација на жените (донесена на 18 декември 1979 год.). Релевантни членови: 2, 4, 14 и 16**
18 јануари 1994 год. (Поради: сукцесијата од Југославија)

**CEDAW-OP: Опционален протокол на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените (донесена на 6 октомври 1999 год.)**
потпис 3 април 2000год.; ратификувана на 17 октомври 2000 год.

**ICESCR: Меѓународна конвенција за економски, социјални и културни права (донесена на 16 декември 1966 год.). Релевантни членови: 2(2), 3 и 11(1)**
18 јануари 1994 год. – поради сукцесијата од Југославија (Југославија: потпишана на 8 август 1966 год. ; ратификувана на 2 јуни 1971 год.)

**ICCPR: Меѓународна конвенција за граѓански и политички права (донесена на 16 декември 1966 год.) Релевантни членови: 2(1), 3, 14, 16 и 23(4)**
Ратификувана на 18 јануари 1994 год. (поради: сукцесијата од Југославија)

**Други меѓународни одредби**

**Меѓународна конвенција за спречување на сите форми на расна дискриминација,** Њујорк, датум на ратификација или потпис

18 јануари 1994 год (поради: сукцесијата од Југославија); Југославија 2 октомври 1967 год.
**Европска конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи**
Стразбур, донесена на 21 септември 1970 год, датум на ратификација или потпис
10 април, 1997 год.

## Вообичаени практики

### Вообичаени норми, верски убедувања и социјални практики коишто влијаат врз различните права на родова сопственост

Сопственоста, односно имотот што е стекнат во бракот вообичаено се регистрира на име на мажот. Нотарите немаат правна обврска да го регистрираат имотот на двата брачни другари како сопственици на имотот кога тие ќе склучат договор за купопродажба на имотот или ќе извршат трансфер на правото на сопственост. Ваквата практика има повеќекратен ефект врз родовата еднаквост. Најпрво жените немаат право на приход што ќе настане како резултат на издавање на имотот под лизинг, ниту пак имаат пристап врз финансирање доколку имотот се користи за некаков бизнис бидејќи имотот не е на нивно име исто така не можат да го впишат како хипотека.
Сепак, ова не е случај кога нотарите заверуваат спогодби за продажба на имотот стекнат во бракот или го впишуваат имотот под хипотека односно како колатерал. Во овој случај нотарите бараат од брачниот другар кој што не е наведен како сопственик да даде изјава дека тој/таа се сложува имотот да се продаде / вметне како хипотека. Ваквата практика се смета за некакво решение и како заштитна мерка за нотарите.

### Традиционални вредности и органи и обичајни институции

N/A

### Наследство/сукцесија, де факто практики

Постои зачестена практика недвижниот имот да се остави во наследство на машките деца, и покрај тоа што, согласно со Законот за наследство и машките и женските деца еднакво се овластени да го уживаат ова право. Оваа пракса доминира и во урбаните и во руралните средини и е проширена кај сите заедници што живеат во Македонија. Во урбаните средини во последно време се јавува трендот каде што женските деца не го користат своето право да се откажат од наследството. Сепак, во руралните средини **доминира традицијата кај сите заедници машкото дете да го наследи имотот**. Многу ретко некои жени, во најчест случај вдовици, бараат да имаат имот на свое име. Мнозинството од населението во оваа традиција не гледа ништо дискриминаторско. Тие го разбираат ова како нешто вообичаено и се придржуваат кон него без забелешки. Се смета дека жената ќе го „однесе“ имотот што ќе го наследи во другата куќа кога ќе се омажи и дека средствата нема да останат во семејството. Традицијата бара дури и кога на жената и се нуди дел од имотот, таа да

се откаже од него. Кај албанските семејства, традицијата на наследство на имотот од страна на машкото дете е уште повеќе застапена, и покрај тоа што е тоа во спротивност со исламските традиции.

**Разлики/недоречености помеѓу статурните и обичајните практики**

Во државата не постојат институционални механизми и нема подигнување на свеста за да се премостат разликите помеѓу статутарната родова еднаквост во правата за сопственост на имотот и во обичајните практики кои што ги фаворизираат мажите на сметка на жените. Истовремено, Македонија сѐ уште нема развиено акционен план за постигнување на одржливи развојни цели и затоа таа сѐ уште нема развиено мерки или прифатена рамка на индикатори за да се измери до кој обем државата го постигнува СДГ (SDG) индикаторот 5.а.2. Кога ќе се развијат рамки на индикатори тие ќе треба да промовираат мерки кои што ќе го зајакнат спроведувањето на режимот на родова еднаквост во сопственииштвото на имотот преку подигнување на свеста, правни промени кои што ќе овозможат спроведување на вообичаени практики и надградба на капацитети кај нотарите и државните службеници на локално ниво што се одговорни за спроведување на политиките за родова еднаквост и рурален развој.

**Сопственост на земјиште и сродни институции**

**Доминантни системи во сопственоста на земјиште**

Имотите во Македонија се во приватна и државна сопственост. Ова вклучува типови на сопственост кои произлегуваат од тоа: ко-сопственост и заедничка сопственост, како и основни правни односи што се јавуваат во врска со земјоделското земјиште, како што се, ставање на располагање на земјоделско земјиште (за продажба, трансакции, подарок, лизинг, хипотека, итн.). Сите права на сопственост на имот се регистрираат во Агенцијата за катастар и недвижности. Катастарскиот систем којшто е целосно реформиран и дигитализиран покрива 99% од територијата на државата. Податоците за родовата распределеност за мај 2016 год. укажуваат дека има 1.620.714 регистрирани сопственици на имот и сериозна нерамнотежа помеѓу фактот што 72% од сопствениците се мажи, додека само 28% од сопствениците на земјиште се жени.

**Национални и локални институции за спроведување на земјишните прописи**

Агенцијата за катастар и недвижности е овластена да: стопанисува со геодетскиот информативен систем на катастарот; спроведува основни геодетски работи; спроведува снимање на недвижностите и ги одржува граничните линии; спроведува геодетски работи за посебни потреби; воспоставува и одржува катастар на недвижности; спроведува масовно вреднување на недвижностите што се регистрирани во Агенцијата за катастар и недвижности; воспоставува и стопанисува со графички регистар на градежно земјиште; произведува топографски мапи; администрира регистрирање на просторните единици; администрира графички регистар на улици и куќни броеви, воспоставува, одржува и нуди јавен пристап до државните просторни податоци.
Инфраструктура во согласност со соодветните закони; набљудува и врши надзор врз работата на самостојните вршители на дејност – авторизирани геодети и трговски

друштва за геодетски работи (член 8 од **Закон за катастар на недвижности** (Службен весник 55/2013). Таа има 29 локални канцеларии во државата. Работи согласно принципите на правично и еднакво претставување и поради тоа член 24 од Законот ја утврдува процедурата на вработување на персонал во Агенцијата при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите заедници и сите професии согласно закон и согласно покривањето на критериумите за квалификација и компетентност.

**Закон за земјоделско земјиште**

**Член 8**

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (во натамошниот текст: Министерството) се води земјишен регистар. Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (во натамошниот текст: министерот).

**Институции за управување со земјиштето и квоти за жените**

Агенцијата за катастар на недвижности нема родови квоти за вработување но информациите за вработените укажуваат на тоа дека постои родова рамнотежа, при што 47% од вработените се жени а 53% се мажи[2]. Ваквата поделба исто така, се гледа и во раководните позиции на Агенцијата.

Агенцијата редовно врши анализа на податоците за застапеноста на половите кај сопствениците на имотот што се регистрира во Катастарот и го користи бројот на социјалното осигурување како метода за идентификација на женските сопственици. Поради фактот што Агенцијата за катастар на недвижности целосно е реформирана и е поврзана со нотарите преку кои се врши сертификација на сопственичките права, контактот со клиентите е значително намален. Во врска со тоа, улогата на службениците на Катастарот во поддршка на родовата еднаквост во сопственоста на земјиштето е прилично ограничена. Ова пред сè поради нејзиното овластување да ја регистрира сопственоста на земјиштето согласно извршниот документ којшто е сертификуван од страна на нотарот. Во времето кога регистарот на недвижности во Катастарот се формираше службениците во Катастарот имаа поголем контакт со граѓаните и поминуваа низ обука за подигнување на свеста, посебно кај жените што се однесува до родовата еднаквост во сопственоста на земјиштето. Оваа програма во мал број случаи влијаеше во измена на договорите за сопственост на земјиштето за негова регистрација за поголема застапеност на жените (анкета спроведена во мај 2016 год.).

[2] Интервју со Лидија Крстевска, државен советник за стратешко планирање во Аегнцијата за катастар на недвижности, мај 2016

**Одредби за финансирање за гарантирање на правата на жените во трансакциите со земјиштето**

Шемата за субвенции за рурален развој во Македонија е тесно поврзана со секундарната легислатива, односно со Уредбата за спроведување на политиките за рурален развој (бр. 54/2008). Уредбата што стапи на сила во 2009 год. ги регулира следните мерки на политики за рурален развој: (i) подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, вклучително земјоделски практики; (ii) инвестиции во обработка, пакување, чување и продажба на земјоделски производи; (iii) инвестиции во рехабилитација на системите за наводнување; (iv) финансиска поддршка за промотивни активности; (v) инвестиции во зголемување на знаењето, обуките и развој на човековиот потенцијал; (vi) поддршка на заеднички производствени активности.

Уредбата ги утврдува критериумите и процедурата за доделување на субвенции за рурален развој. Сите македонски граѓани кои ќе поднесат барање за субвенции за рурален развој за некоја од мерките треба да се регистрирани како земјоделци или сопственици на земјоделско земјиште (за индивидуални лица) или да се регистрирани како фирма. Сите граѓани кои ги исполнуваат овие критериуми можат да добијат субвенции. Субвенциите се даваат преку следнава процедура: (i) поднесување на апликација; (ii) проверка на погодноста; (iii) рангирање; и (iv) доделување на склучување на договор за субвенција. Рангирањето на апликациите се врши согласно следниве правила: доколку апликантот е регистриран фармер му се доделуваат 30 поени, доколку апликантот е млад фармер (18-40 години возраст) му се доделуваат 20 поени, **доколку апликантот е жена и се доделуваат 20 поени**, доколку шемата за субвенции за поддршка на инвестицијата се спроведува во село (рурална област) се доделуваат 15 поени, доколку вредноста на инвестицијата е повеќе од 1.3 милиони денари се доделуваат дополнителни 15 поени. Уредбата користи ист родов сензитивен пристап кога ги дефинира критериумите за секоја од мерките што се користат за спроведување на политиката на рурален развој. Во член 4, став 3/а 20 поени се доделуваат за апликации кои што доведуваат до зголемување на конкурентноста доколку главниот апликант е жена; и во согласност со член 4, став 3/b **15 поени се доделуваат на женски претприемачи** (регистрирани како индивидуални земјоделци). Уредбата се применува за обата фондови што се финансираат од буџетот и фондовите што се финансираат од Европска Унија преку ИПА (IPA) за рурален развој и се користат за спроведување на НПфАРД (NPfARD) и Стратегијата за земјоделство и рурален развој. **Владата исто така, ги охрабрува жените од руралните средини со доделување на додатни 10 поени во споредба со машките земјоделци за добивање на повратни ресурси од Владата во областа на модернизација на зенјоделското стопанство.**

И покрај тоа што оваа политика ги фаворизира жените, проценката на спроведувањето на политиката на рурален развој утврди дека најголема пречка кај жените во добивањето на фондовите од Националната програма за рурален развој (НПРР) и од инструментот за пред-пристапување и помош за рурален развој (ИПАРД) е сопственоста на земјиштето и пристапот до финансиски средства. Жените

користат земјиште за склучување на договори што е во сопственост на нивните сопрузи или друг член од семејството со цел да се регистрираат и да влезат во групата на оние кои што можат да поднесат апликација. Во многу ретки случаи жените се сопственици на земјиштето. Така, политиката на рурален развој, којашто треба да ја земе предвид родовата еднаквост, укажува дека проблемот со сопственоста на земјиштето значајно е намален во пелагонискиот регион, каде што нема жени кои што се примателни на средства од ИПАРД програмата и во полошкиот регион каде што има само неколку жени приматели на помош од НПРР, поради традицијата кај етничките албански семејства кои во мнозинство го населуваат полошкиот регион каде што земјиштето е во сопственост на најстариот жив член на семејството, што оневозможува не само на жените, туку и на мажите да влезат во групата за финасирање од овие средства. Ова жените ги прави особено зависни од машките членови на семејството.

## Други фактори што влијаат врз сопственичките права за земјиштето од родов аспект

Данок на имот

Закон за данок на имот

Данокот на имот се плаќа од страна на сопствениците на недвижноста и тој вклучува: земјиште кое што не е земјоделско земјиште, згради за живеење и апартмани, деловни простории, административни згради, објекти за одмор и апартмани, гаражи и други структури, освен исклучоците што се посебно наведени во делот што се однесува на ослободување од обврска за оданочување. Со процесот на децентрализација, надлежноста со стопанисувањето со данокот на имот се префрли кај општините. Инако во државата е воведен рамен данок на имот во висина од 10% од вредноста на земјиштето. Бидејќи најголем број од жените во Македонија вршат неплатена работа, данокот на имот се смета за товар на оние кои немаат формално вработување. Ова ја зајакнува праксата на одбивање на наследството. Во руралните области понекогаш данокот на имот е товар и за машките сопственици затоа што земјоделското земјиште не е доволно вредно да генерира приход што ќе го покрие трошокот за данок. Ова од друга страна, резултира до тоа најголем дел од сопствениците на земјиштето во руралните области да не се регистрирани во Катастарот.

Свесноста за постоење на трансформативни политики како што се субвенциите за рурален развој што ќе охрабрат трансфер на правото на сопственост на земјиштето кај жените, е многу низок. Фокалните точки/координаторите за еднакви можности во општините не беа доволно активни во промовирање на оваа политика. Потребно е да се изврши подигнување на свеста во соработка со координаторите за еднакви можности, со Катастарот и со нотарите. Ова не треба да биде ограничено на искористување на шемите за субвенции туку да се прошири на подигнувањето на свеста за значењето на родовата еднаквост кај правата на недвижност за управување со бизнис.

Внатрешна миграција

Поради тоа што можностите за образование се поголеми во урбаните центри, мажите и жените што потекнуваат од руралните средини, со цел да се стекнат со повисоко образование се селат во градовите со што се зголемува нивната можност да останат во истите и исто така, се зголемува можноста за нивно вработување. Бидејќи жените немаат имот на свое име, тие нема што да загубат и почесто мигрираат и се отселуваат засекогаш од руралните средини што доведува до тоа македонските села да бидат целосно напуштени од жените.

## Организации од граѓанскиот сектор

**NCGE** – Национален совет за родова еднаквост е формиран во 1994 година како национална  базична мултиетничка, мулти-генерациска, креативна мрежа ориентирана кон иднината – организација за членство посветена на постигнување на родова еднаквост, развој, заштита на жените / човековите права и мир. Национален совет за родова еднаквост е мрежа во којашто членуваат околу 116 локални женски организации со 80.000 жени од урбаните и руралните средини.

**Antico** – Антико е женска граѓанска иницијатива, меѓуетничка мрежа на жени лидери и активни жени од невладиниот сектор во Република Македонија. Антико е воспоставен во 1999 година од група на луѓе кои се сретнале на семинарот „Жени и женски организации во креирањето на мирот и граѓанското општество во Република Македонија", за да ја зајакнат демократијата, плурализмот и толеранцијата помеѓу локалните заедници на Македонците, Албанците, Ромите, Турците, Србите, Бошњаците и Власите.

**Асоцијација на фармери** – Асоцијацијата на фармери е невладина организација којашто ги претставува интересите на фармерите. Во рамките на оваа организација од 2005 година функционира и мрежата на жени фармери. Во оваа мрежа, жените фармери се членови на асоцијацијата. Мрежата на женски фармери има свој координатор којшто е член на управниот одбор на Асоцијацијата на фармери. Мрежата ги мобилизира жените фармери преку 4 канцеларии и една централна канцеларија во главниот град. Нивни главни цели се да се зајакне улогата на жените фармери, да се помогне во справувањето со предизвиците на жените фармери и да се решаваат проблемите на примената на правото.

**Македонска асоцијација на млади адвокати** - невладина, не-профитна и не-политичка организација формирана во 2004 година како професионална НВО воспоставена за слободно здружување на граѓаните со цел да се спроведуваат активности за целосно спроведување на принципот на владеење на правото и зајакнување на уделот на младите правници во развојот на правната професија во Македонија преку проекти и активности. Организационите активности вклучуваат: претставување на интересот на младите правници и нивна постојана едукација и вмрежување; правна заштита на апатриите, бегалците и барателите на азил; пристап до правда и поддршка за подобрување на ефектот на Законот за правна помош;

превенција и заштита од дискриминација и нееднаков третман; набљудување на спроведувањето на законите поврзани со заштита на човековите права и правосудството.

## Пристап до правда

### Правни информации

http://www.pravda.gov.mk/LDBISReader/ е ресурсен центар за сите правни информации презентирани на една веб страница. Оваа веб страница ја администрира Министерството за правда.

http://pristapdopravda.mk/ е ресурсен центар на десет лиценцирани организации за нудење на бесплатна правна помош на граѓаните. Оваа веб страница има за цел да обезбеди пристап до правдата преку нудење на јасна и разбирлива информација, формулари и упатства за сите правни прашања што се од важност за граѓаните.

http://www.spinfo.org.mk е ресурсен центар со сите информации што се однесуваат до имплементацијата на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер донесен во 2003 година. Веб страната има вградена апликација за барање на јавна информација во облик утврден со закон. Барањата автоматски се испраќаат до овластените лица во секоја институција. Веб страната исто така ги поддржува механизмите за поплаки доколку на вашето барање не е одговорено во временската рамка одредена со закон или доколку одговорот не е корисен, целосен или релевантен.

### Информација за граѓански постапки

Член 15 од Уставот го гарантира правото на жалба против индивидуалните правни акти со првостепена важност што ги носат судовите, административните тела, организациите и другите институции од јавната сфера.

Закон за граѓанска постапка (Службен весник 7/2011)
Ја регулира граѓанската постапка во којашто граѓаните можат да се обратат до Судот да ги заштити нивните права (вклучително и имотните права). Истиот не се однесува специфично на воспоставување на еднаквост кон Законот туку е основен принцип којшто е вграден во самиот закон. Тој не ја регулира правната помош, бидејќи ова прашање се регулира со посебен закон за бесплатна правна помош.
Во член 3 се регулира дека сите странки во граѓанската процедура можат слободно да ги менаџираат своите барања (петиции и поплаки) до судот низ судски процес.
Член 5 уредува дека сите страни ќе им се даде можност да ги искажат своите барања и наоди, при што Судот е овластен да одлучува за овие барања.

Закон за извршување

Законот во член 24 регулира дека предмет на извршување може да биде секоја точка или имотно право освен оние што се исклучени или ограничени со закон.

Закон за вонпарнична постапка

Овој закон во членовите 120-125 го регулира процесот на поделба на наследството помеѓу наследниците и трошоците и одговорностите за оваа процедура.

**Информација за де факто (de facto) пристап до правото за жените**

Ранливите групи, вклучително и жените кои што се жртви на насилство, жените од малцинствата се идентификувани дека имаат проблем со пристапот кон правото поради недостаток на информации за нивните права и недостаток на ресурси да ги покријат трошоците за судските постапки.

**Информација за правна помош**

Закон за бесплатна правна помош

Во член 2 се регулира целта на Законот која што е *осигурување на еднаков пристап на граѓаните и другите лица до државните институции*, особено од аспект на нивно запознавање, искористување и обезбедување на секаква ефективна правна помош согласно *принципот на еднаков пристап до правдата*. Процедурата за бесплатна правна помош е итна процедура.

Во член 5 е утврдено дека правото за бесплатна правна помош може да се искористи од било кое лице коешто ги исполнува условите утврдени во LFLA.
Во член 8 е утврдено дека барањата за бесплатна правна помош можат да бидат одобрени од Министерството за правда, притоа се штитат следниве права: работни односи, социјала, здравство, пензиско осигурување, домашно насилство, заштита на малолетници, баратели на азил, права за заштита од шверц на луѓе и имотни права.

LFLA беше донесен *со цел* да гарантира еднаков пристап на правдата преку обезбедување на бесплатна правна помош во одредени граѓански административни постапки за лица кои имаат финансиски проблеми. Министерството за правда овласти десет невладини организации за обезбедување на бесплатна правна помош (целосниот список може да се види овде: http://justice.gov.mk/documents/reg_zdr_pred_pravna_pomos.pdf ) од кои следниве посебно се насочени кон заштита на жените.

**Национален центар за Ромите** – е овластен понудувач на бесплатна правна помош базиран во Куманово. NRC е главен актер вклучен во поддршка на Ромите за добивање на документација неопходна за легализација на нивните имотни права согласно одредбите од Законот за легализација на недвижностите донесен во 2011 година.

**ЕсНО Штип** - ЕсНО е невладина организација формирана во април 2003 година како директен одговор на граѓанската иницијатива за зближување на луѓето со богато искуство во непрофитниот сектор и со ентузијазам за промовирање на нови практики

и идеи. ЕсНО работи на подобрување на социо-економските услови за луѓето од цела Источна Македонија, и нуди пристап до правдата преку бесплатна правна помош за најранливите групи на население.

**Останати правни / политики развој**

**Улога на нотарите и паралегалните институции во поддршка на родовата еднаквост и земјишни права**

Закон за нотари

Член 2

(1) Нотарска служба е јавна служба што ја вршат нотари, кои се самостојни и независни носители на таа служба.

(2) Нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, врз основа на закон.

Член 3

(1) Нотарот е лице што врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерството за правда (во натамошниот текст: Министерството), кое нотарската служба ја врши како единствено професионално занимање.

(2) Нотарската служба опфаќа составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски, донесување решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи (солемнизација), издавање на потврди, заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод, примање на чување на исправи, на пари и на предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи, како и вршење на доверени работи определени со закон.

(3) Нотарската служба нотарот ја врши слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно врз основа на Уставот, закон, меѓународни договори што се ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и други прописи и општи акти засновани врз закон.

(4) Нотарската служба се врши со примена на начелата за гарантирање на законито вршење на работите, одговорност за причинетата штета во вршењето на нотарската служба, неспорност на правниот однос, надзор над законитоста во вршењето на нотарската служба, угледно и достоинствено вршење на службата и надоместок за извршената работа.

Член 56

(1) Нотарските исправи за правните работи врз основа на кои се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, нотарот ги изготвува во согласност со одредбите од овој закон, само ако претходно утврдил дека се исполнети условите и постапката предвидени со посебни закони, во спротивно ќе постапи согласно со членот 30 став (2) од овој закон.

(2) Ако е во прашање изготвување на нотарска исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, кога како една од договорните страни се јавува Република Македонија, нотарот е должен да прибави мислење од Државниот правобранител. Нотарот ќе го одложи изготвувањето на исправата додека не биде дадено мислењето, а најдоцна за 30 (триесет) дена. Ако Државниот правобранител не даде мислење во определениот рок, нотарот ќе ја изготви нотарската исправа како да е дадено позитивно мислење.

(3) Договорот за купопродажба и преддоговорот за купопродажба со вредност на предметот на продажба над 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, задолжително треба да го состави адвокат и задолжително да содржи адвокатски печат и потпис, без оглед дали ќе се потврдат или завери потпис на истите.

(4) Нотарските исправи изготвени спротивно на одредбите на овој член немаат својство на јавна исправа и не произведуваат правно дејство.

Нотарите работеа заедно со Министерството за правда и Агенцијата за катастар на недвижности во подигнувањето на свеста и надградбата на капацитетите во времето кога беше воспоставен Катастарскиот регистар (за време на изложувањето на земјиштето). Денес нивната главна улога се состои во обликувањето на извршни правни акти што ги регулираат сопственичките права како и договори за купопродажба на земјиште, имот и средства; договори за впишување на земјиштето, имотот и средствата како хипотека; договори за поделба на сопственичките права и во брачни и во вонбрачни заедници; процедури за трансфер на сопственичките права врз основа на наследство.

Од аспект на родовата еднаквост, во правата за сопственост на земјиштето, нотарите играат важна улога во обликувањето на погоре наведените договори за покривање на потребите на брачните другари кои изразиле слободна волја за нејзино/негово прифаќање (односно со цел заедничката сопственост стекната во бракот да биде поделена или кога се користи како хипотека). Сепак, кога заедничката сопственост е предмет на лизинг, не е вообичаена практика нотарите да го прашуваат брачниот другар слободно да ја изрази неговата/нејзината волја за прифаќање да заедничкиот имот се стави под лизинг. Консултирајќи ги брачните другари и барајќи писмена согласност дека тој/таа се согласува имотот да се стави на лизинг може исто така да ги зајакне ефективните права на имот кај жените.

Освен тоа, нотарите имаат овластување да склучуваат јавни нотарски акти (кои што имаат правна сила) за договори што се однесуваат на сопственичките односи помеѓу сопружниците и помеѓу лицата кои што живеат во вонбрачна заедница. Од тој аспект, тие се клучен чинител во спроведувањето на препораката за регистрирање на обата брачни другари/партнери како сопственици на имотот стекнат во бракот или во вонбрачната заедница. Законот ги признава обете страни како сопственици на заедничкиот имот. Доколку нотарскиот акт е издаден на име на обата брачни другари тогаш имотот исто така, ќе биде регистриран на двете имиња и во другите јавни книги/записи (како што е Катастарот).

Сепак, има потреба за подигнување на свеста кај нотарите за ова прашање, дури и преку проекти за надградба на капацитетите преку обуки, работилници и развој на водилки што ќе бидат издавани од Асоцијацијата на нотари за тоа како да се применува Законот за семејство (член 206, 207 и 218) и Законот за имот и другите правни акти што се однесуваат на имотот (член. 130) што понатаму ќе ја поттикне и поддржи родовата еднаквост во правата за сопственост. Освен тоа, нотарите можат да ја зголемат свеста и да даваат совети за процедурите на наследство. Од 2008 година и со промените на Законот за наследство, со цел да се намали работата на судовите, овие постапки беа префрлени од судовите кај нотарите. Доколку нотарите би ги советувале жените да не ја користат својата правна опција да одбијат наследство во корист на нивните членови на семејството кои што се мажи (ко-наследници) оваа доминантна практика би можела да се намали.

Закон за медијација

Законот за медијација дефинира постапки и нивни ефекти како и трошоците за медијација. Исто така регулира како се организирани, обучени и лиценцирани медијаторите и како изгледа постапката за назначување на медијатор.

## Библиографија


- Устав на Република Македонија, Службен весник 52/1991(амандмани од 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009)

- Конвенција за спречување на сите форми на дискриминација на жените (усвоена на 18 декември 1979 год.), јануари 1994 година (поради: сукцесијата од Југославија)

- Уредба за имплементација на политиката на рурален развој, Службен весник 54/2008

- Меѓународна конвенција за спречување на сите форми на расна дискриминација, Њујорк, Југославија 2 октомври 1967 год. 18 јануари 1994 год. (поради: сукцесијата од Југославија);

- Меѓународна конвенција за граѓански и политички права (усвоена на 16 декември 1966 год.), ратификувана на 18 јануари 1994 год. (поради: сукцесијата од Југославија)
- Меѓународна конвенција за економски, социјални и културни права (усвоена на 16 декември 1966 год.), 18 јануари 1994год. – поради сукцесијата од Југославија (Југославија: потпишана на 8 август 1966 год ; ратификувана на 2 јуни 1971 год.)
- Закон за земјоделско земјиште; Службен весник 135/2007; 18/2011; 148/20011; 95/2012; 79/2013; 87/2013; 106/2013; 164/2013; 39/2014; 130/2014; 166/2014; 72/2015; 98/2015; 154/2015; 154/2015; 215/2015; 7/2016; 39/2016
- Закон за државјанство; Службен весник 67/1992; 8/2004; 98/2008; 158/2011
- Закон за граѓанска постапка, Службен весник 79/2005; 110/2008; 116/2010; 7/2011; 124/2015
- Закон за еднакви можности за жените и мажите, 6/2012; 166/2014; 150/2015; 201/2015
- Закон за извршување: 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 88/10, 171/10 и 148/11;
- Закон за семејство, Службен весник 80/1992; 9/1996; 38/2004; 33/2006; 84/2008; 67/2010; 156/2010; 39/2012; 44/2012; 38/2014;115/2014; 104/2015; 150/2015
- Закон за бесплатна правна помош, Службен весник 161/2009; 185/2011; 27/2014; 104/2015
- Закон за вонпарнична постапка, Службен весник 09/2008
- Закон за нотаријат, Службен весник бр. 72/2016
- Закон за медијација, Службен весник бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16
- Закон за спречување и заштита од дискриминација бр.44/2014
- Закон за имотни права и други стварни права, Службен весник 18/2001, 92/2008; 139/2009; 35/2010 и Одлука од Уставниот суд U.br. 173/2007 од 20.02.2008 година издадена на OG 31/08
- Закон за данок на имот, Службен весник 61/2004; 92/2007; 102/2008; 35/2011; 53/2011; 84/2012; 188/2013; 154/2015; 192/2015: 23/2016
- Закон за катастар на недвижности, Службен весник 55/2013; 41/2014; 115/2014; 116/2015; 153/2015; 192/2015; 61/2016
- Закон за наследство; Службен весник 47/1996

- Национална стратегија за еднаквост и не-дискриминација врз основа на етничка припадност, возраст, ментална или физичка спреченост и пол 2012–2015 год, Влада на Република Македонија (институција за имплементација: Министерство за труд и социјална политика)
- Национална стратегија за родова еднаквост 2013-2020, донесена од Собранието 20.02.2013 година.
- Национална стратегија за консолидирање на земјоделско земјиште за период од 2012-2020 година, Влада на Република Македонија (институција за имплементација: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство), март 2012 година
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Опционален протокол на Конвенција за остранување на сите форми на дискриминација на жените (усвоена на 06 октомври 1999 год.), потпишана на 3 април 2000 година.

База на податоци за половите и земјишните права